# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**Сл.Весник на Р.Македонија бр.81 од 27.09.2005 година**

## Член 1

Во Законот за животната средина ("Службен весник на Република Македонија" број 53/2005) во членот 162 ставот (4) се менува и гласи:

"(4) Средствата од членовите 179, 181, 182, 183, 184 и 185 на овој закон, се приход на Буџетот на Република Македонија и се уплаќаат на соодветна уплатна сметка, во рамките на трезорската сметка."

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

"(5) Средствата од членот 180 на овој закон се приход на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и се уплаќаат на соодветна уплат-на сметка, во рамките на трезорската сметка."

## Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".